# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2015








МОСТ
Граѓанска Асоцијација

Издаден од Граѓанска асоцијација **МОСТ**

Ванчо Мицков 18б, 1000 Скопје

Република Македонија

http://www.most.org.mk

most@most.org.mk

Подготвен од: Граѓанска асоцијација **МОСТ**

Скопје, април, 2016 година

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да биде користена за едукативни и други некомерцијални цели со наведување на изворот. Секоја репродукција мора да биде одобрена од Граѓанска асоцијација **МОСТ**.

**ВОВЕД** ........................................................................4

**ПРОГРАМА: ОТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ** ...................................5

ПРОЕКТ: „МОБИЛЕН ПАРЛАМЕНТ"
.................................................................................................5

ПРОЕКТ: „ПРАВЕН РЕСУРСЕН ЦЕНТАР“ ........................................9

**ПРОГРАМА: ЕДУКАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ** ....... 11

ПРОЕКТ: „ПАТУВАМЕ ВО ЕВРОПА“ ............................................ 11

**ПРОГРАМА: ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ** ............... 14

ПРОЕКТ: „ НАБЉУДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР 2015“ .................................................................................. 14

ПРОЕКТ: „ПРАВО ДА ЗНАЕШ“ .................................................. 17

ПРОЕКТ: „ПАТОКАЗ КОН СЛОБОДНИ И ФЕР ИЗБОРИ 2016“..................19

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ** ............................................................ 21

УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ИЗБОРНОТО ЗАКОНОДАВСТВО ...................................................................... 21

**МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И СОРАБОТКА** ........................... 23

ЕНЕМО.......................................................................................
..23

**УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ**.................................. 24

**УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ НАБЉУДУВАЧКИ МИСИИ** ........... 24

**СТЕКНУВАЊЕ НА ИСКУСТВА** ................................................ 24

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСЕН РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**.........................................................................
...25

**ЗА МОСТ** ............................................................................ 39

# ВОВЕД

Овој извештај има за цел да ја презентира работата на Граѓанската асоцијација **МОСТ** во текот на 2015-та година.

Оваа година се одржа референдум во општина Центар кој беше набљудуван од Граѓанската асоцијација **МОСТ,** со што организацијата придонесе кон зголемување на неговата транспарентност.

Во текот на 2015-та година продолжија да се спроведуваат проектите „Правен ресурсен центар", "Право да знаеш", "Мобилен Парламент" и „Патуваме во Европа", а беше започнат проектот „Патоказ кон слободни и фер избори".

Во рамките на проектот „Право да знаеш" беа организирани обуки за презентирање на веб страницата на  и нејзините можности.

Во рамките на проектот "Мобилен парламент" беа одржани 16 средби на кои присуствуваа 28 пратеници од власта и опозицијата, 60 претставници на локалните самоуправи и ресорните министерства, како и повеќе од 500 граѓани. На средбите се дискутираше и се предложија препораки за одредени проблеми со кои се соочуваат граѓаните и општините.

Во текот на 2015 година во Скопје беше одржано Генералното собрание на ЕНЕМО со учество на 21 претставник од сите организации-членки на ЕНЕМО. Во рамките на трите работни дена на Собранието беа донесени и усвоени стратешки одлуки и документи кои треба да допринесат кон институционалната одржливост на ЕНЕМО, како мрежа која ќе биде конкурентна на останатите сродни мрежи и организации. На истото собрание, според Протоколот на ЕНЕМО, се избра и ново раководство.

Во текот на месец декември, во рамките на проектот "Патоказ кон слободни и фер избори"  беа организирани обуки за  набљудувачите на **МОСТ** кои потоа беа распоредени на терен со цел набљудување на политичкиот контекст во предизборниот период во сите 80 општини во Македонија.

Од сето ова, може да се заклучи дека 2015-та г. беше успешна година во која **МОСТ** продолжи да ја остварува својата мисија за зајакнување на демократската култура во Македонија и зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери.

# ПРОГРАМА: ОТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

## ПРОЕКТ: „МОБИЛЕН ПАРЛАМЕНТ"

### Цел на проектот

Целта на проектот „Мобилен Парламент" беше да даде придонес кон зголемена доверба во демократијата, преку подобрување на комуникацијата меѓу граѓаните, граѓанските организации, пратениците и локалната власт и овозможување на демократска дебата за прашања релевантни за пристапувањето на земјата во ЕУ, на начин кој влијание врз креирањето на политики и донесувањето на одлуки на национално и локално ниво.

Проектот предвидуваше организирање на 20 средби помеѓу граѓаните, граѓанските организации и пратениците од Собранието на РМ.

Истиот е дел од напорите на **МОСТ** да работи кон поврзување на граѓаните и нивните избрани претставници и претставува продолжение/надградување на активностите од претходните фази од проектот, кои беа спроведени во рамките на периодот 2003-2008 г. Во овој период беа спроведени 4 фази, организирани 93 средби со учество на повеќе од 3.500 граѓани, 211 пратеници од 2 различни парламентарни состави и 48 претставници од единиците на локалната самоуправа.

Во оваа нова фаза од проектот, темите за кои се разговараше на средбите беа во рамките на однапред дефинирани области на интервенција кои произлегуваат од обврските што земјата ги има преземено во текот на процесот на пристапување кон ЕУ, како што се правата на жените и родовата рамноправност, еднаквите можности, социјално ранливите групи и лицата со посебни потреби, регионални политики, со акцент на животната средина, земјоделството и руралниот развој и нелегалната миграција.

Проектот „Мобилен Парламент" започна да се имплементира во март 2014 година, а заврши во декември 2015 г. Првично проектот требаше да се спроведува до септември 2015 година, но поради политичката криза истиот беше суспендиран во периодот јуни-септември. Имено во тој период Собранието не функционираше во полн состав, се одвива преговорите помеѓу 4-те најголеми политички партии кои резултираа со потпишување на Договорот од Пржино. Периодот на суспендирање на проектот придонесе и кон одложување на неговата имплементација за период од 3 месеци.

**Предвидени активности:**

- *<u>Подготвителна фаза</u>*
  - Подготовка и спроведување на теренска и медиумска кампања за промоција на проектот;
  - Спроведување на истражување во 6 тематски области: а) правата на жените и родовата еднаквост; б) еднакви можности; в) социјално ранливи лица и лицата со посебни потреби; г) регионални политики, со акцент на животната средина; д) за земјоделството и руралниот развој; ѓ) нелегалната миграција и прашања поврзани со лица кои бараат азил во земјите на ЕУ, со цел да се утврди нивната импликација и влијанието на различните заедници.

- *<u>Спроведување на 20 средби во сите 6 изборни единици со граѓаните, граѓанските групи, пратениците и претставниците од единиците на локална самоуправа за прашања од локално значење</u>*

  - Комуникација со пратениците и претставниците на единиците на локалната самоуправа, мобилизација на целните групи и граѓанските организации, со цел да се обезбеди нивното присуство на средбите;
  - Одржување на средби во врска со претходно избрани прашања од локално значење;
  - Подготовка на извештаи со препораки за решавање на локалните проблеми од секоја одржана средба;
  - Споделување на извештаите со препораки до јавноста, пратениците и локалните власти.

- *<u>Набљудување на седниците на Собранието и на единиците на локалната самоуправа и информирање на јавноста за напредокот во однос на препораките од средбите</u>*

  - Следење на седниците за пратенички прашања во Собранието на РМ;

  - Следење на седниците на советите на единиците на локална самоуправа;

  - Продукција на квартални видео емисии во врска со локалните проблеми и препораките за нивно надминување, како и нивно емитување на локалните медиуми;

  - Подготвување на квартални извештаи за напредокот на препораките и нивно споделување со јавноста, Владата, пратениците и локалните власти.

## Постигнати резултати во 2015

   

Во текот на 2015 беа одржани вкупно 16 средби во следните градови:

- **Крива Паланка**, на тема „**Промоција и брендирање на локалните производи**" одржана на 06.02.2015 г.
- **Гевгелија**, на тема „**Предизвиците со нелегалната миграција и барателите на азил**" одржана на 06.03.2015 г.
- **Ресен**, на тема „**Предизвиците и проблемите на производителите на јаболка**" одржана на 27.03.2015 г.
- **Кавадарци**, на тема „**Предизвиците и проблемите на лозарите од тиквешкиот регион**" одржана на 30.10.2015 г.
- **Општина Шуто Оризари**, на тема „**Пратениците и граѓаните отворено за ромските прашања и правата на жената во општина Шуто Оризари**" одржана на 06.11.2015 г.
- **Свети Николе**, на тема „**Проблемите и предизвиците на земјоделските производители од Свети Николе**" одржана на 11.11.2015 г.
- **Струмица**, на тема "**Предизвици на производителите на градинарски производи во општините Струмица, Босилово, Василево и Ново Село**" одржана на 13.11.2015 г.
- **Струга**, на тема „**Пратениците и граѓаните отворено за еколошките прашања во Струга**" одржана на 17.11.2015 г.
- **Скопје**, на тема „**Каков воздух ќе дише Скопје оваа зима?**" одржана на 20.11.2015 г.
- **Валандово**, на тема „**Предизвиците и проблемите со кои се соочуваат производителите на калинка и јапонско јаболко во Општина Валандово**" одржана на 25.11.2015 г.
- **Кочани**, на тема "**Проблеми и предизвици на производителите на ориз во источниот дел на Македонија**" одржана на 01.12.2015 г.

- **Кичево**, на тема „**Аерозагадувањето во општина Кичево**" одржана на 04.12.2015 г.
- **Штип**, на тема „**Пратениците и граѓаните отворено за ромските прашања во општина Штип**" на тема одржана на 09.12.2015 г.
- **Тетово**, на тема „**Прогласување на Шар Планина за национален парк**" одржана на 11.12.2015 г.
- **Демир Хисар**, на тема "**Рурален развој во Демир Хисар - состојба и предизвици**" одржана на 15.12.2015 г.
- **Куманово**, на тема „**Правата на жените – жртви на семејно насилство**" одржана на 17.12.2015 г.

На средбите одржани во 2015 г. присуствуваа повеќе од 500 граѓани, граѓански организации, 28 пратеници од власта и опозицијата, како и 60 претставници на локалните самоуправи и ресорните министерства.

По завршувањето на секоја средба беа подготвени извештаи во кои беа содржани препораките и заклучоците кои произлегоа од дискусиите на средбите. До Собранието на РМ беа испратени вкупно 1.984 примероци од извештаите, за секој од пратениците.

Дополнително, беа подготвени и 5 квартални извештаи кои го следеа напредокот и имплементацијата на препораките. До Собранието на РМ, беа испратени вкупно 620 примероци од кварталните извештаи. Истовремено беа продуцирани и квартални видео емисии во врска со локалните проблеми и препораките за нивно надминување, кои беа емитувани на повеќе локални и национални медиуми.

Покрај до Собранието на РМ, сите подготвени извештаи беа доставени и до Владата на РМ, ресорните министерства, како и единиците на локалната самоуправа во кои беа одржувани средбите.

Од произлезените 172 препораки од средбите, до моментот на подготвување на овој извештај 52 препораки беа адресирани и прифатени од страна на институциите. 25 препораки беа адресирани од страна на локалната самоуправа, 20 од страна на Собранието на РМ, а 7 од Владата. Дополнително, како резултат од средбата одржана во Скопје на тема загадувањето на воздухот, беше поднесено и барање за одржување на надзорна расправа кое за жал не беше прифатено.

## Донатори

Проектот беше финансиран од Европската Унија, преку Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР).

## ПРОЕКТ: „ПРАВЕН РЕСУРСЕН ЦЕНТАР“

*Бесплатниот пристап до законодавството во многу европски земји е востановена практика, додека пак во нашата држава претставува финансиско оптоварување за граѓаните и компаниите.*

### Основна цел на проектот

Основна цел на Правниот ресурсен центар е да обезбеди брз, лесен и бесплатен пристап до законите донесени од Собранието на Република Македонија, одлуките на Уставниот суд и судската практика на Врховниот суд на Република Македонија.

### Активности и постигнати резултати

Проектот започна да се имплементира во 2004-та година, и оттогаш се разви во водечки ресурс во сферата на граѓанските услуги поврзани со законодавството и информирањето. Порталот http://www.pravo.org.mk е уникатен, лесно достапен и бесплатен ресурс којшто на граѓаните им дозволува пристап до целокупното законодавство на Република Македонија и до голем број анализи на закони и судска практика, како од Врховниот суд на Република Македонија, така и од Европскиот суд за човекови права. До повеќето од овие законодавни документи граѓаните може да обезбедат пристап и преку Службен весник на Република Македонија, но за таа услуга се наплаќа определена сума која не може да си ја дозволи секој граѓанин. Идејата започна да се развива и продолжи да се имплементира поради разбирањето на потребата секој граѓанин во Македонија да биде информиран за промените во законодавството, а преку тоа да може да учествува во процесот на донесување одлуки. Законите го регулираат секојдневието на граѓаните и тие имаат право да имаат бесплатен пристап до нив. Потребата од овој портал е јасно видлива од показателите и повратните реакции од корисниците.

Во текот на 2015-та година се регистрирале 2.768 корисници со што вкупниот број на корисници ја достигна бројката од 85.321. Просечниот број на дневни посети на порталот изнесува 2.108.

Во овој период, на порталот беа објавени 42 нови закони, како и 514 измени и дополнувања на закони и 2 одлуки на Уставниот суд на РМ.

Од креирањето на порталот во 2004-та г. заклучно со 31.12.2015 г. вкупно се објавени: 1.525 закони, 2.862 измени и дополнувања на закони, 419 одлуки на Уставниот суд на РМ, 165 пресуди на Врховниот суд на РМ, 2.503 пресуди и одлуки на Европскиот суд за човекови права во кои како тужена страна се јавува Република Македонија и 38 анализи на правни прашања. Вкупно се направени 9.408.021 преземања на содржините од порталот.

# ПРОГРАМА: ЕДУКАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ

## ПРОЕКТ: „ПАТУВАМЕ ВО ЕВРОПА“



### Цел на проектот

Проектот "Патуваме во Европа" има за цел да им овозможи патување во Европа на најдобрите студенти преку кое тие ќе имаат можност да се запознаат со демократските вредности, обичаите и културата на земјите од Европа, да ги промовираат и доближат тие вредности во Македонија, а во исто време да ја промовираат и Македонија во Европа.

### Активности и постигнати резултати

Во 2015 година, 11 претставници на најдобрите студенти во завршните години на студии еден месец бесплатно патуваа низ Европа. Дел од оваа група беа истакнати студенти, активни во рамките на своите универзитети, како и во повеќе младински организации.

Меѓу останатите студенти се најдоа и Верче Карафилоска, една од најнадежните млади писателки и автор на книгата „Бездомникот со златен часовник", како и студентскиот правобранител Васка Бојаџи.

Сеќавајќи се на патувањето Верче ќе напише: „И сега, еве сум, вртејќи нова страна знаејќи дека никогаш повеќе нема да бидам целосна и дека мојата целовитост ќе продолжи да се намалува со секој чекор, со секое ракување. Но го потопувам моето перо во мастилото наречено живот подготвена да ја раскажам мојата приказна. И сум среќна, навистина длабоко среќна. Сфатив дека нема поубаво чувство од тоа твојата празнина да биде и твоја полнота. Од тоа да се биде дел од ова искуство. Од тоа Европа да е твој дом."

Ова беше деветта година по ред како Граѓанската асоцијација **МОСТ** го реализира овој проект. Во рамките на проектот беше објавен јавен конкурс, а потоа се изврши селекција на најдобрите кандидати кои беа рангирани според однапред утврдени критериуми, се со цел да бидат избрани токму оние студенти кои навистина го заслужуваат тоа.

Сите 11 македонски студенти своето патување го започнаа во Берлин, каде три дена се дружеа со околу 200 студенти од целиот регион, кои исто така беа дел од проектот. Во рамките на својот престој во Берлин студентите имаа можност да ги посетат најпознатите знаменитости на градот, но и да поразговараат со поранешната европска пратеничка Дорис Пак, да посетат граѓански организации кои работат на теми кои се од нивен интерес, како и да разменат искуства со активисти од Германија. По престојот во Берлин секој од студентите имаше можност сам да избере што сака да види, каде сака да патува и каде сака да ја промовира сопствената земја. За време на своето едномесечно патување студентите ја ширеа културата на дијалог и размена на различни искуства, а воедно ја запознаваа Европа и нејзините граѓани со младите од Македонија.

По нивното враќање, беше организирана изложба на фотографии кои студентите ги направија за време на патувањето. Во рамките на изложбата, исто така беше прикажан и краток филм за почетокот на нивното патување во Берлин. Со цел да се поттикне креативноста на студентите, беше предвидено тие да напишат есеј (патепис) за своите доживувања. За најдобриот есеј, како и за најдобрата фотографија беа обезбедени симболични награди.

Горан Стојаноски, еден од студентите кои беа дел од проектот, во својот есеј ќе напише: „Многуте направени слики се мемориска инјекција за сите сеќавања. Сега ги гледам токму нив. Сфаќам дека секоја слика не е само единичен спомен, туку конекција до сеќавањата произведени пред и после чинот на фотографијата... Европа е културен конгломерат чиј комплетен израз не се рефлектира во мислата на туристот единствено преку набљудување. Потребно е и доживување, искусување, комуникација и желба за сè претходно. Сите ние единаесетте на **МОСТ** тргнавме со токму таа желба и секој стана лично свој сведок на нејзиното исполнување."

Дополнителна вредност на проектот е што истиот придонесе за позитивно претставување на Македонија на обичните граѓани на ЕУ. Секој студент дистрибуираше брошури во кои беа претставени значајни знаменитости од

Македонија, кои беа обезбедени од страна на Националната агенција за развој и поддршка на туризмот.

Досега, преку проектот „Патуваме во Европа“ повеќе од 150 студенти имаа можност да ја истражат Европа.

## Донатори

Овој проект финансиски беше поддржан од Фондацијата Роберт Бош преку Балканскиот фонд за демократија (BTD), а средства и услуги донираа и неколку домашни компании.

# ПРОГРАМА: ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## ПРОЕКТ: „НАБЉУДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР 2015“

### Цел на проектот

Придонес кон транспарентен процес, преку непартиско набљудување на сите сегменти на референдумот.

### Специфични цели на проектот

- Да обезбеди учество на граѓаните во процесот на домашно непартиско набљудување на референдумот;
- Да се обезбеди почитување на владеењето на правото и човековите права во текот на процедурата за гласање на гласачките места.

Еден од главните проекти на Владата во последните неколку години е „Скопје 2014“, чија цел е да го промени лицето на центарот на градот со поставување на голем број на споменици, како и изградба на неколку градби и реконструкција на фасадите во неокласичен стил.

По најавата дека фасадата на ГТЦ ќе се редизајнира и дека тој ќе стане трговски центар од затворен вид, имаше силни реакции од граѓаните на општината и протести против оваа одлука.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Општина Центар најави дека ќе се одржи референдум на локално ниво, кој ќе им даде можност на граѓаните да го имаат последниот збор за евентуални промени на фасадата на ГТЦ. Референдумот беше закажан за 26 април, а референдумското прашање гласеше: „Дали сте за тоа да се задржи автентичниот изглед на фасадата на Градскиот трговски центар?“

Кампањата за референдумот беше позитивна и главно ја водеше една граѓанска организација која беше „ЗА“ референдумското прашање. Во рамките на кампањата најчесто беа организирани средби и дебати со граѓани, а поголемиот дел од настаните беа од едукативен и културно-забавен карактер. На активностите во рамките на кампањата учествуваа и претставници на предлагачот на референдумот, како и претставници на опозицијата. Иако јавно не се водеше кампања за бојкот на референдумот, имајќи ја предвид важноста на одѕивот на гласачите за успешноста на референдумот, имаше дојави дека се вршат притисоци врз гласачите да не излегуваат на гласање, а констатирано беше и уништување на пропагандниот материјал.

При спроведувањето на активностите за организирање на референдумот се покажа дека е потребно усогласување на Законот за референдум и граѓанска иницијатива со Изборниот законик во однос на формирањето на избирачките одбори, рокот за вршење на увид во Избирачкиот список, како и заштитата на избирачкото право.

Фактот што Избирачкиот список се уште не беше проверен и прочистен, како и податокот дека во општина Центар постојат адреси на кои се регистрирани по неколку десетици избирачи остави простор за одредено ниво на сомнеж во резултатите за одѕивот на граѓаните.

**Активности и постигнати резултати**

Проектот се спроведе преку низа на активности во согласност со стратешките планови, правила, процедури и капацитети на **МОСТ**. Исто така, активностите беа развиени и планирани за да обезбедат исплатлива и ефикасна употреба на ресурсите.
Предвидени беа следниве активности со цел спроведување на предложениот проект во рамките на предложениот временски период:

1. Редовни брифинзи со проектниот тим за сите фази на проектот
2. Набљудување на периодот пред референдумот
3. Подигнување на свеста на јавноста во врска со проверката во избирачкиот список
4. Ангажирање и обука на волонтерите
5. Набљудување на предвременото гласање
6. Набљудување на денот на референдумот/распоредување на набљудувачи на гласачките места
7. Спроведување на ПВТ програмата
8. Информирање на јавноста за наодите
9. Подготовка на финален извештај

Референдумот во Општина Центар Граѓанската асоцијација **МОСТ** го следеше со 111 набљудувачи, при што беа опфатени сите гласачки места во општина Центар. Набљудувачите на **МОСТ** беа статични, и го следеа процесот на гласање на гласачките места во текот на целиот ден. Покрај тоа, **МОСТ** распореди и 4 мобилни тимови, кои служеа за логистичка поддршка на статичните набљудувачи и ја набљудуваа атмосферата надвор од гласачките места.

На набљудувачите им беа поделени жолти маици, овластувања од **МОСТ** и акредитации од Општинската изборна комисија - Центар.

Во текот на денот беше отворена бесплатната телефонска линија 080 080 080 на која граѓаните пријавуваа евентуални нерегуларности.

## Медиумска активност

За време на изборниот процес **МОСТ** ја информираше јавноста преку 4 соопштенија за медиуми во врска со различни аспекти и случувања во изборниот процес.

## Донатори

Проектот беше спроведен со волонтирање и со административни средства на Граѓанската асоцијација МОСТ

## ПРОЕКТ: „ПРАВО ДА ЗНАЕШ“




Проектот започна да се спроведува од август 2012-та година и презентира прашања од јавен интерес преку реално и методолошко прибирање на статистички и веродостојни податоци. Исто така, преку иновативен начин на презентирање на податоците има за цел да ги информира и активира граѓаните, граѓанските организации, новинарите, блогерите и останатите чинители во општеството. Сегашната фаза од проектот започна да се спроведува во август 2014 г.

Поради политичката криза, во септември 2015 г. проектот беше суспендиран, а истиот ќе продолжи да се спроведува по одржувањето на следните парламентарни избори.

### Основна цел на проектот

Основната цел на проектот е да придонесе кон поинформирано и посилно граѓанство.

### Специфични цели на проектот

- Функционален интернет ресурс кој преку користење и вкрстување на официјални статистички податоци и податоци добиени со истражувања, на визуелен и лесен за користење начин, цели кон различни чинители и групи на граѓани.
- Зголемен обем на податоци споделени со граѓаните за аргументирана јавна дебата и креирање на јавниот дискурс на национално, регионално и локално ниво.
- Зголемено ниво на употреба на отворените податоци од страна на општествените чинители/граѓаните преку: истражувања на прашања од јавен интерес по барање на граѓаните, активности за градење на капацитетите на заедницата и промотивна кампања.

### Активности и постигнати резултати

Процесот на прибирање на податоци се врши преку интернет истражување и испраќање на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателите на информации. Базите со податоци се креираат единствено со официјални податоци од државни органи, институции и единиците на локалната самоуправа.

Во текот на 2015 г. се продолжи со објавување на податоци кои ги презентираат состојбите во различни општествени сфери. Во текот на месец јуни беа организирани 3 обуки за презентирање на веб страницата и нејзините можности. На обуките присуствуваа новинари и претставници на граѓански организации, на кои им беше презентирана веб страната, нејзиното функционирање и начинот на користење на алатките кои се наоѓаат на веб страната. Обуките имаа за цел да се презентира едноставна алатка која ќе им го поедностави начинот на пребарување на соодветни статистички информации.

**Интернет страница:** http://pravodaznaes.mk

**Донатори**

Амбасадата на Кралството Холандија.

## ПРОЕКТ: „ПАТОКАЗ КОН СЛОБОДНИ И ФЕР ИЗБОРИ 2016“

Проектот предвидува сеопфатен мониторинг на периодот пред распишувањето на предвремените парламентарни избори за 2016 г., спроведување на кампања за подигнување на свеста на граѓаните во врска со правото на глас и обезбедување поддршка на реформата на изборниот процес.

Проектот го имплементира Граѓанската асоцијација **МОСТ** преку своите 18 регионални канцеларии во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи – Гостивар, Центарот за економски анализи, Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ и Младинскиот културен центар – Битола, а во соработка со Народниот правобранител. Проектот започна да се проведува на 1 декември 2015, а првата фаза е предвидено да заврши на 16 март 2016.

**Цел на проектот:**

Придонес кон воспоставување основа за подобрување на изборниот процес и враќање на довербата на граѓаните во демократските процеси.

**Специфични цели на проектот:**

- Придонес кон враќање на довербата на граѓаните во демократските процеси;
- Подигнување на свеста на граѓаните за заштитата на правото на глас;
- Придонес кон подобрување на процесот на решавање на спорови во врска со изборите;
- Зголемување на транспарентноста на проверката на Избирачкиот список и придонес кон зголемување на квалитетот на неговите податоците.

**Проектни активности:**

- Следење на исплатата на субвенции;
- Следење на меѓуетничките односи во предизборниот период;
- Мониторинг на реформите во јавната администрација во однос на Законот за трансформација во редовен работен однос;
- Следење на притисоци, закани и заплашувања врз администрацијата, граѓаните и младите;
- Промоција на механизмите за заштита на избирачкото право;
- Следење на злоупотреба на деца во политички цели;
- Спроведување на кампања за важноста на избирачкото право;
- Воспоставување на стандарди во процесот на одлучување по приговори и тужби од страна на ДИК и Управниот суд;
- Набљудување на проверката на Избирачкиот список.

На прес-конференција одржана на 11 декември 2015 година Граѓанската асоцијација **МОСТ** и останатите партнери од проектот потпишаа меморандум за

соработка со Народниот правобранител, со цел да се обезбеди меѓусебната соработка во рамките на проектот, имајќи предвид дека заштитата на правата на граѓаните е една од основните надлежности на оваа институција.

На истата прес-конференција беа промовирани бесплатните телефонски линии на **МОСТ**, Меѓаши и Народниот правобранител на кои на граѓаните им беше овозможено да пријавуваат проблеми и притисоци во текот на предизборниот период. Меѓаши ја промовираше својата линија 0800 1 2222 за директна помош и поддршка на децата и младите, како и нивните семејства, **МОСТ** ја промовираше телефонската линија 080 080 080, а Народниот правобранител ја отвори телефонската линија 0800 5 4321 .

Телефонските линии беа промовирани за да се користат за пријавување на притисоци врз администрацијата, граѓаните, младите, како и за злоупотреба на малолетници во политички цели.

Во рамките на проектот во периодот 01.12–04.12.2015 беа организирани обуки за 80 набљудувачи на **МОСТ** кои беа поделени во четири групи од по околу 20 набљудувачи и истите беа распоредени на терен со цел набљудување на сите 80 општини во Македонија.

Пред одржувањето на обуките и активирањето на регионалните канцеларии, проектниот тим на **МОСТ** разви модул за обука и подготви формулари за набљудување на процесот. Беа развиени вкупно 8 поединечни формулари кои вклучуваат:

Промотивни активности на политичките партии, промотивни активности на институциите и претпријатијата, кривично дело, употреба на државни ресурси, злоупотреба на деца во политички цели, притисоци врз младите, меѓуетнички инциденти и вработување.

Во текот на 2016 набљудувачите на **МОСТ** ќе го набљудуваат политичкиот контекст пред одржување на парламентарните избори, во однос на сите аспекти споменати погоре.

## Донатори

Овој проект е поддржан од Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Амбасадата на Кралството Холандија УСАИД преку Националниот демократски институт и Националниот фонд за демократија.

# ДРУГИ АКТИВНОСТИ

## УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ИЗБОРНОТО ЗАКОНОДАВСТВО

***Цел**: Подобрување на изборната легислатива, изборниот процес и надминување на изборните нерегуларности.*

### Активности и постигнати резултати

Изборниот процес е жива и динамична материја и неговото реформирање е процес кој никогаш не завршува. Реформата на изборниот процес во изминатиот период беше неопходна, имајќи ги предвид објавените прислушувани разговори, од кои дел содржеа наводи за изборни нерегуларности, а дел и ги потврдија сомневањата за изборни нерегуларности содржани во извештаите на домашните и меѓународните набљудувачи.

Поради политичката криза која продолжи и во текот на 2015 г. работните групи за изборниот законик и избирачкиот список креирани во насока на исполнување на целите од Пристапниот дијалог на високо ниво со Европската комисија не заседаваа. Сепак, преговорите за измените и дополнувањата на Изборниот законик, како и прочистувањето на Избирачкиот список, беа дел од разговорите кои се одвиваа помеѓу четирите најголеми политички партии со посредништво на медијатор назначен од Европската унија.

Овие преговори се базираа на Препораките на експертската група за системски прашања поврзани со владеењето на правото, а во врска со прислушуваните разговори објавени во пролетта 2015 (т.н. Извештај на Прибе), Итните реформски приоритети кои меѓу другото се базираа и на овој извештај и Договорот од Пржино потпишан од страна на 4-те најголеми политички партии.

Со цел да го даде својот придонес кон подобрување на изборниот процес, во месец август Граѓанската асоцијација **МОСТ** ја промовираше студијата „Препораки за реформа на изборниот процес" која беше презентирана на работните средби на 4-те политички партии. Дополнително, служеше како ресурс на 4-те најголеми политички партии за прашањата поврзани со изборите и избирачкиот список.

Студијата ги содржи препораките на **МОСТ** за најважните аспекти од изборниот процес кои требаше да бидат дел од неговата реформа пред претстојните избори. Препораките се однесуваат на изборниот систем, гласањето во странство, Државната изборна комисија, Избирачкиот список, изборната кампања и нејзиното финансирање и заштитата на избирачкото право. Дел од препораките беа веќе содржани во претходните извештаи за

набљудувањето на изборите, а дел беа произлезени од истражувањето при подготовката на студијата. Документот беше промовиран на конференција за медиуми одржана во август 2015 г., а дополнително беше доставен и до сите политички партии кои беа потписнички на договорот.

Поголем дел од препораките содржани во студијата беа имплементирани со измената на Изборниот законик во ноември 2015 година.

# МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И СОРАБОТКА

## ЕНЕМО

Граѓанската асоцијација **МОСТ** е членка на Европската мрежа на организации кои набљудуваат избори (ЕНЕМО) од октомври 2004 г. Во декември 2013-та г. Граѓанската асоцијација **МОСТ** беше повторно избрана за Генерален секретар на организацијата, функција која е во надлежност на **МОСТ** од ноември 2009-та година. Оваа позиција самата по себе е многу важна за мрежата на ЕНЕМО, но и за самата асоцијација. Една од функциите кои произлегуваат од оваа позиција е фацилитирање на процесот на обезбедување на средства за распоредување на меѓународните набљудувачки мисии кои ги спроведува ЕНЕМО, нивна организација и имплементација.

Во текот на 2015 година Граѓанската асоцијација **МОСТ** ги спроведе и активностите предвидени со проектот за институционална реформа на ЕНЕМО кој е подржан од Националниот фонд за демократија (NED) и кој се спроведуваше во текот на 2013 и 2014 година. Имено, во февруари 2015 година во Скопје беше одржано Генералното собрание на ЕНЕМО, со учество на 21 претставник од сите организации-членки на ЕНЕМО. Во рамките на трите работни дена на Собранието беа донесени и усвоени стратешки одлуки и документи кои треба да придонесат кон институционалната одржливост на ЕНЕМО како мрежа која ќе биде конкурентна на останатите сродни мрежи и организации. На самото собрание беа усвоени следниве документи: Стратешки план на ЕНЕМО 2015-2012, Протокол на ЕНЕМО, Деловник за работата на Собранието, Деловник за работата на Секретаријатот, Правила и процедури за функционирање на ЕНЕМО, како и одлука за плаќање годишна членарина.

На истото собрание, според Протоколот на ЕНЕМО се избра и ново раководство. Граѓанската асоцијација **МОСТ** немаше право повторно да биде дел од раководниот тим на ЕНЕМО. Во новиот состав на секретаријатот се следниве организации: ISFED - Грузија, Promo-Lex - Молдавија, KRIIK - Албанија, CEMI - Црна Гора и CeSID - Србија. Позицијата Генерален секретаријат на ЕНЕМО е во надлежност на ISFED - Грузија.

## УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ

Април 2015 г. – претставник на **МОСТ** учествуваше на работилница за финансирање на политички кампањи, организирана од страна на ОБСЕ/ОДИХР, во Варшава, Полска;

## УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ НАБЉУДУВАЧКИ МИСИИ

Октомври-ноември 2015 г. - Во рамките на набљудувачката мисија на ЕНЕМО на Локалните избори во Украина, **МОСТ** учествуваше со 11 набљудувачи во првиот круг и со 4 набљудувачи во вториот круг од гласањето.

## СТЕКНУВАЊЕ НА ИСКУСТВА

Ноември 2015 г. – претставник на **МОСТ** учествуваше на обука за краткорочни набљудувачи, организирана од ОБСЕ/ОДИХР, во Белград, Република Србија;

Декември 2015 г. - претставник на **МОСТ** учествуваше на обука за долгорочни набљудувачи, организирана од ОБСЕ/ОДИХР, во Белград, Република Србија.

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСЕН РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## СОДРЖИНА

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

Биланс на приходи и расходи

Биланс на состојба

Извештај за промени во деловниот фонд

Белешки кон финансиските извештаи

До:

Раководството на

**ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ**

**СКОПЈЕ**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на „Граѓанска асоцијација МОСТ" (во понатамошниот текст Организацијата), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2015 година, како и на Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи***

Менаџментот на Организацијата е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

До:

Раководството на

**ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ**

**СКОПЈЕ**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)

***Мислење на ревизорот***

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на „Граѓанска Асоцијација МОСТ" Скопје ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на Организацијата на ден 31 декември 2015, како и резултатите на нејзиното работење и промените во фондовите за годините кои завршуваат на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

Скопје, 25 Април 2016 година

Овластен ревизор
Звонко Кочовски

Управител
Драган Димитров

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**Со состојба на 31 декември 2015 и 2014**
**во илјади денари**

| | Белешка | 31 декември 2015 | 31 декември 2014 |
|---|---|---|---|
| Приходи од членарини и донации | 4 | 11.745 | 79.503 |
| Останати приходи | 5 | 48 | 294 |
| Вишок на приходи од претходни години | | 10.147 | 1.887 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **21.940** | **81.684** |
| Оперативни расходи | 6 | (6.841) | (33.579) |
| Интелектуални и други услуги | 7 | (4.231) | (33.351) |
| Капитални расходи | 8 | (48) | - |
| Трошоци за вработени | 9 | (2.443) | (2.607) |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **(13.563)** | **(71.537)** |
| **Вишок на приходи над расходи пред оданочување** | | **8.377** | **10.147** |
| Данок на добивка | | | - |
| **Вишок на приходи над расходи по оданочување** | | **8.377** | **10.147** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Организацијата на 28 февруари 2016 и се потпишани во негово име од страна на:

_________________

Извршен директор

БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**Со состојба на 31 декември 2015 и 2014**
**во илјади денари**

Дарко Алексов

| | Белешки | 31 декември 2015 | 31 декември 2014 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 10 | 334 | 507 |
| | | **334** | **507** |
| **Тековни средства** | | | |
| Останати тековни побарувања | 11 | 845 | - |
| Пари и парични еквиваленти | 12 | 8.390 | 10.281 |
| | | **9.235** | **10.281** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **9.569** | **10.788** |
| **ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | | | |
| **Деловен фонд** | | | |
| Деловен фонд | 13 | 334 | 507 |
| Вишок на приходи над расходи | | 8.377 | 10.147 |
| | | **8.711** | **10.654** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачите | 14 | 852 | 131 |
| Останати краткорочни обврски | 15 | 6 | 3 |
| | | **858** | **134** |
| **ВКУПНО ДЕЛОВЕН ФОНД И ОБВРСКИ** | | **9.569** | **10.788** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**Со состојба на 31 декември 2015 и 2014**
**во илјади денари**

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ДЕЛОВНИОТ ФОНД
**за годината која завршува на 31 Декември 2015 и 2014**
**во илјади денари**

| | Деловен фонд | Разлика меѓу прих. и расходи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба на 01 јануари 2014** | **738** | **1.887** | **2.625** |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | (1.887) | **(1.887)** |
| Набавени основни средства | - | - | - |
| Амортизација | (231) | - | **(231)** |
| Вишок на приходи над расходи | - | 10.147 | **10.147** |
| **Состојба на 31 декември 2014** | **507** | **10.147** | **10.654** |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | (10.147) | **(10.147)** |
| Набавени основни средства | 48 | - | **48** |
| Амортизација | (221) | - | **(221)** |
| Вишок на приходи над расходи | - | 8.377 | **8.377** |
| **Состојба на 31 декември 2015** | **334** | **8.377** | **8.711** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

## 1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ НА ФОНДАЦИЈАТА

Граѓанската Асоцијација МОСТ е основана на 09.05.2002 година според Законот за граѓански асоцијации и фондации (Службен Весник на РМ бр.31/98).

Граѓанската Асоцијација МОСТ е основана во мај 2002, пред Парламентарните Избори, од претставници на 20 домашни невладини организации кои го конституираа Собранието на МОСТ. Мисијата на МОСТ е да изгради подемократско, стабилно и просперитетно општество преку вклучување на граѓаните во активностите и програмите кои овозможуваат одговорност, транспарентност и отвореност на владините, политичките и изборните институции кон вистинските потреби на граѓаните.

Органи на управување на Организацијата се: Собрание, Извршен орган – одбор, Извршен директор и Совет.

Целите на Организацијата се:

- Едукација на граѓаните и зголемување на нивната вклученост во граѓанските, владините и политичките процеси во Македонија;
- Зголемување на отвореноста на граѓанските, владините и политичките институции кон потребите на граѓаните;
- Зголемување на посветеноста кон нивото на одговорност и транспарентност на целото општество.

Мисијата и целите на Организацијата се остваруваат преку следниве активности:

1. Отворени институции
2. Едукација и вклучување на граѓаните
3. Одговорност и транспарентност

Седиштето на Асоцијацијата е лоцирано во Скопје, на ул. Ванчо Мицков бр.18Б Скопје. Вкупниот број на вработени на 31 декември 2015 е 5 лица (31 Декември 2014 – 4 лица).

## 2. ОСНОВА ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на Организацијата се составени во согласност со Законот за сметководство за непрофитните организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа објавени во Република Македонија, со цел за точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено и ажурно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите и резултатите од работењето.

Износите во билансите и белешките кон финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако во текстот не е поинаку наведено.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при составувањето на финансиските извештаи се наведени во продолжение на овој текст.

### 3.1 Парични средства и еквиваленти на парични средства

Паричните средства и паричните еквиваленти вклучуваат готовина во благајна и паричните средства на жиро сметките кај комерцијалните банки.

Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во главната книга во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народна банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

### 3.2 Материјални и нематеријални средства

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност на долгорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци, кои можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка. За вредноста на набавените средства истовремено се зголемува деловниот фонд на Организацијата.

Ревалоризацијата на долгорочните средства (материјални и нематеријални вложувања) се врши поради повторно вреднување ако инфлацијата на годишно ниво, мерена со пораст на цените на производителите на индустриските производи. Основица за ревалоризација претставува набавната вредност на средствата.

Ревалоризационата вредност на средствата се утврдува по пат на индексирање.

### 3.3 Амортизација

Материјалните и нематеријални средства се амортизираат со примена на пропорционалната метода, така што набавната или ревалоризираната вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства.

Тековната амортизација на основните средства се евидентира на товар на деловниот фонд.

Употребените годишни стапки на амортизација за 2015 година, кои ги применува Организацијата изнесуваат: 20% за компјутерска опрема, 16% за клима уреди и 20% за компјутерски софтвер.

Пресметката на амортизацијата се врши поединечно (не по групи на средства) за секое средство.

## 3.4 Признавање на приходи и расходи

Признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции значи приходите, односно расходите да се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите, односно расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите, односно расходите се расположливи кога се остварени, односно кога настанале (се наплатени т.е. платени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период, односно обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

## 3.5 Износи искажани во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари според средниот курс на НБРМ кој важи на денот на трансакцијата.

Девизните средства и обврски во билансот на состојба се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на билансот.

Нето позитивните и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претварањето на износите во странска валута, се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат.

Средните (заклучните) курсеви на денарот спрема странските валути (за една единица странска валута), на 31 декември изнесуваат како што следува:

| | | **Во денари** |
|---|---|---|
| | **2015** | **2014** |
| EUR | 61,5947 | 61,4814 |
| USD | 56,3744 | 50,5604 |
| CHF | 56,9583 | 51,1152 |

## 4. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Приходи од донации | 11.745 | 79.503 |
| **Вкупно** | **11.745** | **79.503** |

## 4. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ (Продолжува)

Во текот на 2015 и 2014 година остварени се приходи од следните донатори:

| | **Донатор** | **Износ 2015** | **Износ 2014** |
|---|---|---|---|
| 1 | The German Marshal Fund of the United States | 815 | 1.402 |
| 2 | Embassy of Great Britain and Northern Ireland | 2.698 | 1.872 |
| 3 | Embassy of Switzerland | 18 | 1.515 |
| 4 | Royal Norwegian Embassy in Beograd | 63 | - |
| 5 | European Commission | - | 25.745 |
| 6 | Balkan Trust for Democracy – German Marshall Fund | - | 819 |
| 7 | Embassy of Kingdom of Netrerlands | 3.495 | 5.446 |
| 8 | Mercy Corps | - | 19.892 |
| 9 | NDI – National democratic institute | 1.669 | 19.710 |
| 10 | National endowment for democracy | 2.987 | - |
| 11 | Embassy of Kingdom of Norway | - | 1.200 |
| 12 | OSCE SMMS | - | 214 |
| 13 | NED | - | 1.688 |
| | **Вкупно** | **11.745** | **79.503** |

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Приходи од финансирање | 43 | 291 |
| Останати приходи | 5 | 3 |
| **Вкупно** | **48** | **294** |

## 6. ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 106 | 916 |
| Комуналии и телекомуникациски услуги | 2.798 | 2.338 |
| Транспортни услуги | 1.031 | 24.559 |
| Наемнини | 883 | 1.103 |
| Премии за осигурување | - | 3.747 |
| Провизија за платен промет | 556 | 598 |
| Останати расходи | 1.467 | 318 |
| **Вкупно** | **6.841** | **33.579** |

## 7. ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Интелектуални и други услуги | 3.722 | 30.387 |
| Персонален данок | 509 | 4.964 |
| **Вкупно** | **4.231** | **33.351** |

## 8. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Опрема | 48 | - |
| **Вкупно** | **48** | - |

## 9. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Плати | 2.443 | 2.607 |
| **Вкупно** | **2.443** | **2.607** |

## 10. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

| | Опрема | Вкупно |
|---|---|---|
| **Набавна вредност на 01 јануари 2014** | **3.663** | **3.663** |
| Набавки | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2014** | **3.663** | **3.663** |
| Набавки | 48 | 48 |
| **Состојба на 31 декември 2015** | **3.711** | **3.711** |
| **Акумулирана амортизација На 01 јануари 2014** | **2.925** | **2.925** |
| Амортизација | 231 | 231 |
| **Состојба на 31 декември 2014** | **3.156** | **3.156** |
| Амортизација | 221 | 221 |
| **Состојба на 31 декември 2015** | **3.377** | **3.377** |
| **Нето сегашна вредност на:** | | |
| **- 31 декември 2015** | **334** | **334** |
| **- 31 декември 2014** | **507** | **507** |

## 11. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ПОБАРУВАЊА

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Останати тековни побарувања | 101 | - |
| АВР – кореснодентна сметка на обврските | 744 | - |
| **Салдо на 31 декември** | **845** | **-** |

## 12. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Жиро сметка | 8.328 | 10.239 |
| Благајна | 62 | 42 |
| **Салдо на 31 декември** | 8.390 | **10.281** |

## 13. ДЕЛОВЕН ФОНД

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Деловен фонд | 334 | 507 |
| Вишок на приходи над расходи во тековната година | 8.377 | 10.147 |
| **Состојба на 31 декември** | **8.711** | **10.654** |

## 14. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИТЕ

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Добавувачи во земјата | 852 | 131 |
| **Салдо на 31 декември** | **852** | **131** |

## 15. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Останати краткорочни обврски | 6 | 3 |
| **Салдо на 31 декември** | **6** | **3** |

## 16. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА

Со 31 Декември 2015 година организацијата нема вонбилансна изложеност.

## 17. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

Не постојат материјални последователни настани, кои би имале влијание врз разбирањето на финансиските извештаи.

# ЗА МОСТ

**Граѓанската асоцијација МОСТ** е домашна, граѓанска и непартиска организација, формирана во мај 2002-ра година, од страна на претставници на 20 граѓански организации од целата држава.

**Визија**

Свесните и активни граѓани водат кон одговорна власт, што е пак основа за одржливо и демократско градење на општеството во Македонија, регионот и светот.

**Мисијата на МОСТ** е да работи на поттик на граѓаните и нивно мобилизирање да ги користат своите права со цел зајакнување на демократската култура во Македонија, зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери, преку создавање на одржливи партнерства.

***МОСТ** верува дека зголемувањето на инволвираноста на граѓаните може да игра значајна улога во зајакнувањето на демократските институции, владеењето на правото и почитувањето на човековите права во Македонија.*

Од почетокот на своето постоење, организацијата игра значајна улога во домашното набљудување на изборите, докажувајќи се како добар организатор и достоен лидер во граѓанскиот сектор. Вклучувањето на граѓани од сите етникуми, религии и политички погледи во активности од интерес на целото општество претставува значаен успех за граѓанското општество во Македонија. Базата на податоци со повеќе од 30.000 волонтери со која располага организацијата е доволен доказ за тоа.

**Цели на организацијата**

- Да се поттикнат и мобилизираат граѓаните да станат активни учесници во демократијата во Македонија на национално и локално ниво;
- Да се поддржуваат напори и организираат активности за реформирање на институциите и процесите со цел тие да станат поодговорни, потранспарентни и поотворени кон потребите на граѓаните;
- Да се зајакне капацитетот на граѓанското општество со цел истото да овозможи гласност и простор за граѓанска акција на одржлива основа.

Со цел да се исполнат мисијата и целите на организацијата, своите активности во **МОСТ** ги спроведува во рамките на следните **програми**:

- Отворени институции;
- Едукација и вклучување на граѓаните и
- Одговорност и транспарентност.

Првиот проект на организацијата којшто ги надмина очекувањата беше "Домашно набљудување на парламентарните избори 2002 година", што претставуваше пионерски чекор во Македонија. Оттогаш па наваму, **МОСТ** има набљудувано вкупно 11 изборни процеси на национално ниво, 4 изборни процеси на локално ниво, како и 4 референдуми и претставува значаен фактор кој придонесува кон поголемо ниво на транспарентност на истите.

Паралелно со заложбите за зголемување на транспарентноста на изборниот процес, **МОСТ** работи и на полето на поттикнување и мобилизирање на граѓаните да станат активни учесници во демократијата во Македонија, со што придонесува во зголемувањето и одржливоста на знаењето на граѓаните за нивните граѓански и политички права и обврски.

Поддржувањето напори и организирањето активности за реформирање на институциите и процесите беше еден од предизвиците со кои **МОСТ** се соочи во текот на своето работење. Проектите и активностите кои беа спроведени во оваа насока претставуваат пионерски обиди, не само во земјава туку и во регионот.

**МОСТ** и понатаму ќе продолжи со спроведување на активности и проекти кои ќе придонесат кон подобро функционирање на демократијата во Македонија, со што ќе ја задржи позицијата на лидер во граѓанскиот сектор.